„Кој оди во џамија наутро или навечер, Аллах ќе му подготви место во Џенетот секогаш кога ќе порани или отиде (подоцна).“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој оди во џамија наутро или навечер, Аллах ќе му подготви место во Џенетот секогаш кога ќе порани или отиде (подоцна).“
[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го израдувал со овие зборови секого што доаѓа во џамија за намаз, знаење или други добри цели; на почетокот или на крајот на денот, Аллах на таквиот му подготвил место и гостопримство во Џенетот, кога и да дојде во џамија, ноќе или дење.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5436